Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

# Извештај

за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации

во 2025 година

Скопје, март 2026 година

## 1. ВОВЕД

Консултациите со граѓанското општество во процесите на креирање политики и донесување на закони и други акти претставуваат важен дел на современиот, демократски процес на управување со јавните политики, но и еден од клучните чекори во зајакнувањето на соработката, дијалогот и довербата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанското општество.

Приоритет на Владата на Република Северна Македонија, во периодот 2024-2028, е поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата. Владата е посветена односите со граѓанските организации да ги гради врз основа на принципите на: инклузивност и партиципативно планирање, сигурност и одговорност, отвореност и транспарентност.

Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики („Службен весник на РМ“ бр.99/11) утврдува дека соработката на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики може да се остварува во облик на: информирање, консултации, дијалог и партнерство, во сите фази од процесот на креирање на политики: во процесите на утврдување приоритети во креирањето политики при изработката на годишната Програма за работа на Владата, при изготвување на закони и подзаконски акти, документи за политики и стратегии и акциски планови, во процесите на спроведување, следење или изменување на законодавството. Согласно член 14 од Кодексот, Генералниот секретаријат на Владата еднаш годишно објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија.

Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) претставува централна точка каде се објавуваат предлозите на закони пред нивното доставување во владина постапка и подлежат на коментари од страна на засегнатите страни. ЕНЕР е алатка која постојано се развива и нејзиното користење од страна на засегнатите страни е од суштинско значење за целокупниот процес на консултации и донесување на законите.

Овој извештај е подготвен врз основа на анализа на податоците на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлог-закони и стратегии во 2025 година, што Генералниот секретаријат на Владата - организациона единица за соработка со граѓанските организации, го дистрибуираше до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество. Извештајот содржи податоци за предлозите на закони утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари-декември 2025 година.

## 2. ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА – САЕМ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ „СОРАБОТКА НА ВЛАДАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО“

На 26.11.2025 година се одржа Национален форум – Саем на граѓанските организации „Соработка на Владата и граѓанското општество“, кој втора година по ред се организира во соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Швајцарската програма за поддршка на граѓанското општество Цивика мобилитас, која ја спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). На настанот учествуваа 250 претставници на институциите и на граѓанските организации. Програмата вклучи дебати

и дискусии на различни теми и тоа: образование и наука, социјална политика, демографија и млади, животна средина, здравство, дигитализација, добро владеење, локална самоуправа и овозможувачка околина, а во изложбениот дел се претставија 35 граѓански организации, најголем број од нив дигитално. Во рамките на Националниот форум се одржа и отворена седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на која присуствуваше генералниот секретар на Владата, а граѓанските организации имаа можност да бидат дел од дискусијата на членовите на Советот за актуелни прашања поврзани со овозможувачката околина за граѓанските организации (Законот за здруженија и фондации, државното финансирање на граѓанските организации, користењето на Единствениот национален електронски регистар на прописи ЕНЕР и др.).

## 3. КОНСУЛТАЦИИ СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ПРИ ПОДГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ВЛАДАТА

Генералниот секретаријат – организациона единица за соработка со граѓанските организации, на својата интернет страница www.nvosorabotka.gov.mk и на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), секоја година, објавува повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Годишната програма за работа на Владата. Целта на овој повик е согласно принципот на инклузивност и партиципативно планирање, граѓанскиот сектор да биде консултиран и вклучен во креирањето на политики за развој на државата. Повикот се објавува во втората половина од август и трае до 15 септември. Добиените иницијативи и предлози од граѓанските организации се објавуваат на www.nvosorabotka.gov.mk во рок од 7 дена од денот на добивањето на предлогот, а во рок од 30 дена се објавуваат повратни информации од надлежните министерства и другите органи на државната управа за релевантноста и прифатливоста на предлогот.




По Повикот за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, објавен на 15.8.2025 година, доставени се вкупно 22 предлози од 11 граѓански организации, што претставува намалување од 37% во однос на 2024 година, кога беа доставени 35 предлози од 19 граѓански организации. Предлозите се проследени до ресорните министерства и други органи на државната управа, кои во 12 случаи ги поддржуваат иницијативите на граѓанските организации и наведуваат дека ќе ги имаат предвид доставените предлози при изготвување на соодветната регулатива и креирање на политиките од нивна надлежност, во 4 случаи наведуваат дека предлогот не може да биде прифатен, образложувајќи дека прашањето е веќе уредено со закон или се предвидени мерки во соодветна национална стратегија, а за 5 иницијативи на граѓански организации не е доставен одговор.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНИОТ НАЦИОНАЛЕН ЕЛЕКТРОНСКИ РЕГИСТАР НА ПРОПИСИ (ЕНЕР) КАКО АЛАТКА ЗА КОНСУЛТАЦИИ ПРИ ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ И СТРАТЕГИИ

Согласно член 20 став 4 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.276/24), предлозите на закони, освен законите за кои се предлага да се донесат во итна постапка, законите за ратификација на меѓународни договори, законите со кои се врши терминолошко усогласување со други закони, Предлогот на буџетот на Република Северна Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, законите за задолжување на Република Северна Македонија и законите за гаранција на Република Северна Македонија содржат и проценка на влијанието на регулативата. Според член 25 став 1 и 3 од Деловникот, предлог-законите, надлежното министерство ги објавува на својата интернет-страница и во Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР). Исклучок се предлог-законите чие донесување се предлага по итна постапка, кои надлежното министерство не ги објавува на својата интернет-страница и на ЕНЕР.




Во периодот јануари-декември 2025 година од вкупно 133 предлози на закони утврдени од страна на Владата на Република Северна Македонија, 74 (55,6%) подлежат на проценка на влијанието на регулативата (ПВР), 27 предлог-закони (36,5%) биле објавени на ЕНЕР, што претставува зголемување за 2,8% споредено со 2024 година (33,7%).

И покрај обврската утврдена во член 25 од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, министерствата нередовно го користат Единствениот национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР) www.ener.gov.mk како алатка за информирање и консултации со засегнатите страни. Министерството за внатрешни работи, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука и Министерството за јавна администрација спровеле консултации преку ЕНЕР за сите предлози на закони што подлежат на ПВР, а ги доставиле за разгледување и биле утврдени од Владата на Република Северна Македонија во 2025 година. Министерството за дигитална трансформација објавило 78% од предлозите на закони што подлежат на ПВР, Министерството за правда 60%, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за животна средина и просторно планирање објавиле на ЕНЕР 50%, Министерството за култура и туризам 25%, а Министерството за транспорт објавило на ЕНЕР 7% од предлозите на закони што подлежат на ПВР од нивна надлежност. Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за односи меѓу заедниците, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, не ги објавиле на ЕНЕР предлозите на закони од нивна надлежност што подлежат на ПВР, а се утврдени од Владата во 2025 година.

Министерството за одбрана, Министерството за европски прашања и Министерството за спорт во 2025 година не биле предлагачи на закони што подлежат на проценка на влијанието на регулативата.




Од 74 предлози на закони кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата, 40 (54,1%) се доставени до Владата со Извештај за ПВР. Во 35 Извештаи за ПВР (87,5%) е пополнет делот Консултации, но во поголем дел само се наведени засегнатите страни или институциите од кои е или ќе биде побарано мислење. 12 Извештаи за ПВР (30%) содржат соодветно пополнет дел Консултации, како на пример: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, Предлог-закон за архивски материјал и архивска дејност, Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор, Предлог-закон за електронските комуникации и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (Министерство за дигитална трансформација), Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа (Министерство за локална самоуправа), Предлог-закон за контрола на индустриски емисии (Министерство за животна средина и просторно планирање), Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци (Министерство за внатрешни работи), Предлог-закон за вработените во јавниот сектор, Предлог-закон за административни службеници и Предлог-закон за инспекциски надзор (Министерство за јавна администрација).

Од 27 предлог-закони објавени на ЕНЕР, доставени се коментари за 23 предлог-закони. Вкупниот број на коментари од засегнати страни е 199, од кои 20 коментари (10,1%) се од граѓански организации за 9 предлог-закони, што е намалување за 3,3% споредено со 2024 година (13,4%).




Најголем број коментари на ЕНЕР се доставени за Предлог-закон за инспекциски надзор (46), Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (41) и Предлог-закон за енергетика (30).

Најголем број коментари од граѓански организации се доставени за Предлог-закон за енергетика (5), Предлог-закон за средното образование, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Предлог-закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија (3).

Табела 1: Листа на 23 предлози на закони за кои на ЕНЕР се поднесени коментари од граѓански организации и други засегнати страни

| Закон | Предлагач | Број на коментари на ЕНЕР | Број на коментари од ГО | Број на одговори од министерства |
|---|---|---|---|---|
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | Министерство за внатрешни работи | 41 | 3 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци | Министерство за внатрешни работи | 5 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за полиција | Министерство за внатрешни работи | 1 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за внатрешни работи | Министерство за внатрешни работи | 1 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија | Министерство за правда | 6 | 3 | 0 |
| Предлог-закон за јавното обвинителство | Министерство за правда | 4 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците | Министерство за правда | 2 | 1 | 0 |
| Предлог- закон за енергетика (*) | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | 30 | 5 | 16 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност (*) | Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | 2 | 1 | 1 |
| Предлог-закон за средното образование | Министерство за образование и наука | 10 | 3 | 7 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа | Министерство за локална самоуправа | 5 | 1 | 1 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права | Министерство за култура и туризам | 3 | 0 | 2 |
| Предлог-закон за архивски материјал и архивска дејност | Министерство за дигитална трансформација | 10 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми | Министерство за дигитална трансформација | 7 | 2 | 0 |
| Предлог-закон за електронските комуникации (*) | Министерство за дигитална трансформација | 6 | 0 | 5 |
| Предлог-закон за безбедност на мрежни и информациски системи (*) | Министерство за дигитална трансформација | 6 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации | Министерство за дигитална трансформација | 2 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) | Министерство за дигитална трансформација | 1 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор (*) | Министерство за дигитална трансформација | 1 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за административни службеници (*) | Министерство за јавна администрација | 6 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за инспекциски надзор | Министерство за јавна администрација | 46 | 1 | 0 |
| Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај (*) | Министерство за транспорт | 2 | 0 | 0 |
| Предлог-закон за контрола на индустриски емисии (*) | Министерство за животна средина и просторно планирање | 2 | 0 | 2 |
| Вкупно | | 199 | 20 | 34 |

Од вкупно 34 одговори на коментари на засегнатите страни, 27 одговори се од формален карактер, односно министерството се заблагодарува на доставениот коментар и заложбата за подобрување на текстот на законот и укажува дека забелешките внимателно ќе бидат разгледани. Само на 7 коментари (3.5%) доставен е суштински одговор од Министерството за дигитална трансформација (за 5 коментари на Предлог-закон за електронските комуникации) и од Министерството за животна срдина и просторно планирање (за 2 коментари на Предлог-закон за контрола на индустриски емисии).

Листа на 5 предлози на закони објавени на ЕНЕР со најголем број коментари од засегнати страни




Листа на 5 предлози на закони објавени на ЕНЕР со најголем број коментари од граѓански организации




Во мај 2022 година, Владата на Република Северна Македонија усвои нова регулаторна и методолошка рамка за секторски стратегии, за да обезбеди усогласеност помеѓу различните владини плански документи и повисок степен на спроведување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата. Согласно глава 4 од Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии („Службен весник на РСМ“ бр.122/22), органите на државна управа планираат и обезбедуваат учество на засегнатите страни во текот на сите фази од процесот на подготвување на стратегија и акциски план. Консултациите со засегнатите страни, вклучително и организациите на граѓанското општество, се вршат преку барање на писмени мислења, учество во работни групи, состаноци и користење на електронски интерактивни алатки достапни на порталот ЕНЕР и веб-страницата на органот на државна управа (член 26 став 3).

Во 2025 година Владата на Република Северна Македонија усвои 9 стратегии, од кои 4 нацрт-стратегии (44.4%) беа објавени за консултации на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) (Стратегијата за сајбер безбедност (2025 - 2028), со Акциски план, Стратегија за развој на ИКТ: СМАРТ/МК 2030, со Акциски план, Стратегија за мали и средни претпријатија 2025-2030 на Република Северна Македонија, со Акциски план (2025-2027) и Стратегија на Владата за соработка со и развој на

граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028), што претставува зголемување за 19,4% споредено со 2024 година (25%). Сепак, и во 2025 година на ЕНЕР не се доставени коментари за објавените нацрт-стратегии.

Табела 2: Листа на стратегии усвоени од Владата во 2025 година и објавени за консултации на ЕНЕР

| Стратегија | Предлагач | Дали е објавена за консултации на ЕНЕР | Број на коментари на ЕНЕР |
|---|---|---|---|
| Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028 | Генерален секретаријат на Владата | да | 0 |
| Ревидирана Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 | Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 | не | 0 |
| Стратегија за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот за периодот 2025-2028 година, со Акциски план | Министерство за внатрешни работи | не | 0 |
| Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026 - 2030 година | Министерство за финансии | не | 0 |
| Стратегија за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2026 - 2028 (со изгледи до 2030 година) | Министерство за финансии | не | 0 |
| Стратегија за мали и средни претпријатија 2025-2030 на Република Северна Македонија, со Акциски план (2025-2027) | Министерство за економија и труд | да | 0 |
| Стратегија за консолидација на земјоделско земјиште 2025 – 2035, со Акциски план | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | не | 0 |
| Стратегија за сајбер безбедност (2025 - 2028), со Акциски план | Министерство за дигитална трансформација | да | 0 |
| Стратегија за развој на ИКТ: СМАРТ/МК 2030, со Акциски план | Министерство за дигитална трансформација | да | 0 |

## 5. УЧЕСТВО НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РАБОТНИ ГРУПИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ И СТРАТЕГИИ

Согласно одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлози на закони и стратегии во 2025 година, министерствата формирале работни групи за 73 предлози на закони и стратегии, а претставници на граѓанските организации биле вклучени во 42 работни групи (57,5%), што претставува намалување за 21,8% споредено со 2024 година, кога од вкупно формирани 29 работни групи, во 79,3% (23 работни групи) имало претставници на граѓански организации.




Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за економија и труд, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за јавна администрација и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија вклучиле претставници на граѓански организации во сите работни групи што ги формирале за подготовка на предлози на закони или стратегии, а Министерството за образование и наука и Министерството за правда вклучиле претставници од граѓанските организации во повеќе од 50% од формираните работни групи.

Изборот на претставниците на граѓанските организации во работните групи за изработка на предлози на закони и стратегии бил извршен преку директна покана до граѓански организации со кои министерството соработува, со исклучок на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за здравство, каде изборот на членови на граѓанските организации во работните групи за подготовка на предлозите на закони бил извршен по пат на јавен повик.

Табела 3: Листа на предлози на закони и стратегии за кои биле формирани работни групи и учество на претставници на граѓански организации во работни групи во 2025 година

| **Предлагач** | Предлози на закони и стратегии за кои биле формирани работни групи во 2025 година | Учество на граѓански организации во работната група |
|---|---|---|
| Министерство за внатрешни работи | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата | не |
| Министерство за внатрешни работи | Предлог-закон за оружјето | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за заштита на личните податоци | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за здруженија и фондации | да |
| Министерство за правда | Предлог-закон за судски буџет | да |
| Министерство за правда | Предлог-закон за Судски совет | да |
| Министерство за правда | Предлог-закон за судови | да |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за правда | Предлог-закон за судска служба | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за јавнообвинителска служба | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за конфискација на имот во граѓанска постапка | да |
| Министерство за правда | Предлог-закон за прекршоци | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за вештачење | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за извршување на санкции | не |
| Министерство за правда | Предлог-закон за Академија за судии и јавни обвинители | не |
| Министерство за правда | Предлог - Кривичен законик | да |
| Министерство за правда | Предлог-закон за Советот на јавни обвинители | да |
| Министерство за правда | Предлог-закон за јавно обвинителство | да |
| Министерство за надворешни работи и надворешна трговија | Нацрт-Стратегија за соработка со дијаспората 2026-2030 | да |
| Министерство за економија и труд | Предлог-закон за јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост | да |
| Министерство за економија и труд | Нацрт-Стратегија за јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост | да |
| Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Предлог-закон за енергетика | да |
| Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Предлог-закон за користење на енергија од обновливи извори | да |
| Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Предлог-закон за геологија | да |
| Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Предлог-закон за рударство | да |
| Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Предлог-закон за метрологија | да |
| Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини | Предлог-закон за претворање на побарувањето на РСМ по основ платени обврски кон странски кредитори во траен влог во АД НОМАГАС Скопје | да |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Предлог-закон за безбедност на храната за животни | да |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Предлог-закон за земјоделство и рурален развој | да |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Предлог-закон за шумите | да |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Предлог-закон за ветеринарно-медицински препарати | да |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за евиденциите во областа на здравството | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за лековите | да |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за медицинските средства | да |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за здравственото осигурување | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина | да |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување | да |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за здравствената заштита | да |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на пушењето | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за биоцидни производи | не |
| Министерство за здравство | Предлог-закон за детергенти | не |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование | да |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за средното образование | да |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за стручно образование и обука | да |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за образование на возрасните | да |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за Национална рамка на квалификации | да |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за просветната инспекција | не |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за Државниот испитен центар | не |

| | | |
|---|---|---|
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за Националната агенција за европски образовни програми и мобилност | не |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за научно-истражувачката дејност | не |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за високото образование | не |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за Педагошката служба | не |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за учебници во основно и средно образование | да |
| Министерство за образование и наука | Предлог-закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта | да |
| Министерство за образование и наука | Нацрт - Стратегија за образование на возрасните 2025-2030 | да |
| Министерство за образование и наука | Нацрт - Стратегија за образование 2026-2030 | да |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | Предлог-закон за изменување и дополнување на Закон за младинско учество и младински политики | не |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | Нацрт-Акциски план 2026 -2027 на Националната стратегија за млади | да |
| Министерство за локална самоуправа | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа | не |
| Министерство за култура и туризам | Предлог-закон за заштита на културното наследство | да |
| Министерство за култура и туризам | Предлог-закон за културата | да |
| Министерство за култура и туризам | Нацрт-Национална стратегија за развој на културата за период од 2026-2030 | не |
| Министерство за дигитална трансформација | Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор | да |
| Министерство за дигитална трансформација | Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги | не |
| Министерство за дигитална трансформација | Предлог-закон за безбедност на мрежни и информациски системи | не |
| Министерство за дигитална трансформација | Предлог-закон за електронските комуникации | да |
| Министерство за дигитална трансформација | Предлог-закон за архивски материјал и архивска дејност | не |
| Министерство за дигитална трансформација | Нацрт-Стратегија за развој на ИКТ:СМАРТ/МК 2030 | да |
| Министерство за дигитална трансформација | Нацрт-Стратегија за сајбер безбедност 2025-2028 со Акциски план 2025-2027 | не |
| Министерство за јавна администрација | Предлог-закон за високи раководители во органите на државната управа и фондови | да |
| Вкупно | 73 | 42 |

## 6. УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРОЦЕСОТ НА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ ПО МИНИСТЕРСТВА

Согласно одговорите на Прашалникот за механизмите на консултација со граѓанските организации при подготовка на предлози на закони и стратегии во 2025 година, министерствата најчесто користеле консултации преку Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), средби со граѓански организации, работни групи со учество на претставници на граѓански организации и јавни расправи.




Во текот на 2025 година, министерствата организирале 130 консултативни средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, од кои 58 средби на Министерството за образование и наука, по 20 средби на Министерството за здравство и Министерството за дигитална трансформација. Граѓанските организации во 2025 година доставиле 104 иницијативи и писмени мислења до надлежните министерства, од кои 42 иницијативи до Министерството за образование и наука, повеќе од 20 иницијативи до Министерството за здравство и по 10 иницијативи до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Министерството за култура и туризам.




Придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање јавни политики, при подготовка на предлози на закони и стратегии, според оценка на министерствата, е зголемен во 2025 година, споредено со 2024 година.

Во 2025 година, 30% од министерствата го оцениле придонесот на граѓанските организации за суштински, за разлика од 2024 година кога овој процент е 23,5%, а за 50% од министерствата придонесот на граѓанските организации во 2025 година бил задоволителен, за разлика од 2024 година, кога овој процент е 29,5%. Сепак, 10% од министерствата сметаат дека придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање на нивните политики во 2025 година бил недоволен, за разлика од 2024 година, кога овој процент е 23,5%.

**Министерство за одбрана** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата не биле утврдени предлози на закони од надлежност на Министерството за одбрана. Од тие причини не беа користени механизми за вклучување на граѓанските организации, ниту беа формирани работни групи за подготовка на истите.

**Министерство за внатрешни работи** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени 8 предлози на закони од надлежност на Министерството за внатрешни работи. 5 предлози на закони подлежат на проценка на влијанието на регулативата и сите се објавени на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни (Предлог-закон за внатрешни работи, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за странци, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Предлог-закон за изменување на Законот за гранична контрола). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за оружјето и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир. Придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики министерството го оценува како задоволителен.

**Министерство за правда** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 5 предлози на закони од надлежност на Министерството за правда што подлежат на проценка на влијанието на регулативата, а 3 од нив се објавени на ЕНЕР (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, Предлог-закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија и Предлог-закон за јавното обвинителство). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за судска служба, Предлог-закон за јавнообвинителската служба, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, Предлог-закон за пробација, Предлог-закон за помилување, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за процена, Предлог-закон за вештачење, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Предлог-закон за здруженија и фондации. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации: учество на 22 претставници на мрежи и платформи на граѓански организации во работните групи за подготовка на 8 предлози на закони, доставени 9 иницијативи од граѓански организации, одржани 6 консултативни средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како суштински.

**Министерство за односи меѓу заедниците** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата бил утврден еден предлог-закон од надлежност на Министерството за односи меѓу заедниците (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија), но не бил објавен на ЕНЕР. Како механизам за вклучување на граѓанските организации при креирање на политиките на министерството биле користени анализи и извештаи на граѓански организации, а нивниот придонес министерството го оценува како задоволителен.

**Министерство за надворешни работи и надворешна трговија** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 17 предлози на закони од надлежност на

Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, од кои 1 предлог-закон подлежи на проценка на влијанието на регулативата (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за надворешни работи), но предлогот не е објавен на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни. За изработка на Стратегијата за соработка со дијаспората 2026-2030 министерството формирало работна група со вклучени претставници на граѓански организации. Придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики министерството го оценува како задоволителен.

**Министерство за европски прашања** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата не биле утврдени предлози на закони од надлежност на Министерството за европски прашања. Врз основа на Меморандум за соработка со Институтот за европска политика – Скопје (ЕПИ) се одржаа два состаноци на Националниот консултативен механизам за Реформската агенда 2024-2027- (19 мај и 24 ноември 2025 година), кој е национална платформа што овозможува структуриран транспарентен и инклузивен дијалог заснован врз докази помеѓу јавните институции, граѓанските организации, стопанските комори, академската заедница, и други засегнати чинители, за спроведувањето и следењето на Реформската агенда во рамки на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики Министерството го оценува како задоволителен.

**Министерство за финансии** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 13 предлози на закони од надлежност на Министерството за финансии. 6 предлози на закони подлежат на проценка на влијанието на регулативата, но не се објавени на ЕНЕР (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Царинската тарифа, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Предлог-закон за игрите на среќа и за забавните игри, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, Предлог-закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за буџети). Министерството во 2025 година не користело механизми за вклучување на граѓанските организации во креирањето на јавните политики.

**Министерство за економија и труд** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 26 предлози на закони од надлежност на Министерството за економија и труд. 4 предлози на закони подлежат на проценка на влијанието на регулативата, но не се објавени на ЕНЕР (Предлог-законот за изменување на законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Предлог-закон за ставање во употреба на техничка опрема за транспорт, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за практиканство и Предлог-закон за престанување на важењето на Законот за вонсудско спогодување). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за вработување и професионална рехабилитација на лица со попреченост и Предлог-закон за поттикнување на индивидуални инвеститори – бизнис ангели. Како механизми за вклучување на граѓанските организации во 2025 година Министерството користело: учество на претставници на граѓански организации во работните групи за подготовка на Стратегија и Закон за јавни претпријатија и трговски друштва во државна сопственост, јавни расправи и средби со граѓански организации и користење на анализи или извештаи на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како суштински.

**Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени 4 предлози на закони од надлежност на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата,

а 2 од нив се објавени на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни (Предлог-закон за енергетика и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за геологија, Предлог-закон за рударство и Предлог-закон за користење на енергија од обновливи извори. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони: консултации преку веб страницата на министерството, учество на претставници на граѓански организации во работни групи за подготовка на 6 предлози на закони (Предлог-закон за енергетика, Предлог-закон за користење на енергија од обновливи извори, Предлог-закон за геологија, Предлог-закон за рударство, Предлог-закон за метрологија и Предлог-закон за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ платени обврски кон странски кредитори во траен влог во АД НОМАГАС Скопје), одржана консултативна средба со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, добиени 10 иницијативи од граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како суштински.

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 4 предлози на закони од надлежност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за дивечот и ловството, Предлог-закон за изменување на Законот за фитофармација, Предлог-закон за изменување и дополнување за Законот за шумите и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура), но не се објавени на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни. Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР за: Предлог-закон за безбедност на храната за животни, Предлог-закон за земјоделство и рурален развој и Предлог-закон за шумите. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации: учество на повеќе од 30 претставници на граѓански организации во работните групи за подготовка на 4 предлози на закони (Предлог-закон за безбедност на храната за животни, Предлог-закон за земјоделство и рурален развој, Предлог-закон за шумите и Предлог-закон за ветеринарно-медицински препарати) и одржани 3 јавни расправи за предлозите на закони со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како задоволителен.

**Министерство за здравство** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата бил утврдени 1 предлог на закон од надлежност на Министерството за здравство (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за јавно здравје), но предлогот не е објавен на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни. Како механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлози на закони во 2025 година Министерството користело: учество на повеќе од 20 претставници на граѓански организации во 5 работни групи за изработка на предлози на закони (Предлог-закон за лековите, Предлог-закон за медицинските средства, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за комплементарна и алтернативна медицина, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување и Предлог-закон за изменување и дополнување на законот за здравствената заштита), организирани повеќе од 15 консултативни средби со тематски мрежи на граѓански организации, јавни расправи, доставени повеќе од 20 иницијативи од граѓански организации, користење на анализи или извештаи на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики е оценет како задоволителен.

**Министерство за образование и наука** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени 2 предлози на закони од надлежност на Министерството за образование и наука, кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата и се објавени на ЕНЕР (Предлог-закон за средното образование и Предлог-закон за установите за средно образование на верските заедници). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за иновациската дејност, Предлог-закон за Бирото за развој на образованието и Предлог-закон за Државниот испитен центар. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони: учество на 55 претставници на граѓански организации во работни групи при подготовка на 7 предлози на закони и 2 стратегии, доставени 42 писмени мислења и иницијативи од граѓански организации, одржани 58 консултативни средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како суштински.

**Министерство за социјална политика, демографија и млади** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 16 предлози на закони од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади. 6 предлози на закони подлежат на проценка на влијанието на регулативата (Предлог-закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Предлог-закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица, Предлог-закон за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Македонија – Скопје, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за системот за проценка на лица со попреченост), но предлозите не се објавени на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни. Во работната група за подготовка на Акцискиот план 2026 -2027 на Националната стратегија за млади се вклучени 20 претставници на граѓански организации, одржани се 12 консултативни средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики е оценет како задоволителен.

**Министерство за локална самоуправа** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата бил утврден 1 предлог на закон од надлежност на Министерството за локална самоуправа, кој подлежи на проценка на влијанието на регулативата и е објавен на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за локалната самоуправа). Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации, преку учество во работни групи, одржани 2 средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации и доставени 6 иницијативи од граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики е оценет како недоволен.

**Министерство за култура и туризам** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 5 предлози на закони од надлежност на Министерството за култура и туризам, 4 предлози на закони подлежат на проценка на влијанието на регулативата, а на ЕНЕР објавен е Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права. Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење и Предлог-закон за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони: учество на 3 претставници на граѓански организации во работните групи за подготовка на Предлог-закон за заштита

на културното наследство и Предлог-закон за културата, писмени мислења и иницијативи од граѓански организации, одржани 11 консултативни средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како суштински.

**Министерство за дигитална трансформација** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 9 предлози на закони од надлежност на Министерството за дигитална трансформација, кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата, а 7 од нив се објавени на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни (Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за медиуми, Предлог-закон за електронските комуникации, Предлог -закон за безбедност на мрежни и информациски системи, Предлог-закон за архивски материјал и архивска дејност, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за Предлог-закон за отворени податоци и повторна употреба на податоците од јавниот сектор. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации: учество на 16 претставници на граѓански организации во работните групи за подготовка на Предлог-закон за пристапност на веб-страниците и мобилните апликации на институциите од јавниот сектор, Предлог-закон за електронските комуникации и Нацрт-Стратегија за развој на ИКТ:СМАРТ/МК 2030, писмени мислења и иницијативи од граѓански организации, одржани 20 консултативни средби со тематски мрежи и претставници на граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како суштински.

**Министерство за јавна администрација** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 4 предлози на закони од надлежност на Министерството за јавна администрација, кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата и се објавени на ЕНЕР за консултации со засегнатите страни (Предлог-закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, Предлог-закон за вработените во јавниот сектор, Предлог-закон за административни службеници и Предлог-закон за инспекциски надзор). Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за Предлог-закон за високи раководители во органите на државната управа и фондовите. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони: консултации преку веб страницата на министерството, учество на претставници на граѓански организации во работната група за подготовка на Предлог-закон за високи раководители во органите на државната управа и фондови, во Секретаријатот за Реформа на јавна администрација и Секторската работна група за реформа на јавната администрација, како и писмени мислења и иницијативи од граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како задоволителен.

**Министерство за транспорт** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени вкупно 14 предлози на закони од надлежност на Министерството за транспорт, кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата, а на ЕНЕР објавен е само Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за работното време на мобилните работници во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај. До Министерството доставена е една иницијатива од граѓански организации, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики во 2025 година го оценува како недоволен.

**Министерство за животна средина и просторно планирање** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата биле утврдени 2 предлози на закони од надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата, а на ЕНЕР објавен е Предлог-закон за контрола на индустриски емисии. Министерството во 2025 година започнало процес на консултации на ЕНЕР и за: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со дополнителни текови на отпад, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина. Покрај консултации преку ЕНЕР, министерството во 2025 година користело и други механизми за вклучување на граѓанските организации при подготовка на предлозите на закони (средби со граѓански организации и јавни расправи), а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како задоволителен.

**Министерство за спорт** - Во периодот јануари – декември 2025 година од страна на Владата не биле утврдени предлози на закони од надлежност на Министерството за спорт. Претставници на министерството учествувале во работни групи за изработка на предлози на закони и стратегии на ресорни министерства, а придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање политики го оценува како задоволителен.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА КОНСУЛТАЦИИ И УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО КРЕИРАЊЕТО ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Од анализата може да се заклучи дека во 2025 година, споредено со 2024 година, подобрена е оценката на министерствата за придонесот на граѓанските организации во креирањето јавни политики, пред се преку нивна вклученост во процесот на консултации при подготовка на предлози на закони и стратегии, имајќи го предвид квалитетот на коментари на објавените предлог-закони на ЕНЕР, активното учество на претставници на граѓански организации во работни групи за изработка на предлози на закони или стратегии, како и писмените мислења и иницијативи на граѓанските организации доставени до ресорните министерства. Во 2025 година, 30% од министерствата го оцениле придонесот на граѓанските организации во процесот на креирање јавни политики за суштински (23,5% во 2024 година), а за 50% од министерствата придонесот на граѓанските организации во 2025 година бил задоволителен (29,5% во 2024 година). Сепак, 10% од министерствата сметаат дека учеството на граѓанските организации во процесот на креирање на нивните политики во 2025 година било недоволно (23,5% во 2024 година).



Со цел унапредување на соработката на Владата и органите на државната управа со граѓанските организации во процесот на креирање политики и подобрување на квалитетот на овој процес преку користење експертиза од граѓанското општество, потребно е органите на државната управа да продолжат со редовна комуникација и консултации со граѓанските организации во сите фази на процесот на креирање политики, од моментот кога почнува планирањето, до подготовката на текстот на предлогот на закон, стратегија или друг акт. При тоа, консултациите треба да бидат транспарентни и инклузивни, а органите на државната управа покрај задолжителното објавување на предлозите на закони и стратегии на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР), да практикуваат и други методи на консултации, како што се: вклучување на претставници на граѓанските организации во работни групи, одржување на консултативни средби и јавни расправи и сл. Воедно, органите на државната управа треба да ги користат анализите и другите документи подготвени и објавени од граѓанските организации како основа во процесот на креирање политики, а по спроведените консултации и анализа на добиените иницијативи, предлози или забелешки од граѓанските организации, да објават извештај за консултациите, на својата веб страница и на ЕНЕР (за предлозите на закони - во Извештајот од проценка на влијанието на регулативата), кој ќе вклучува и анализа на процесот на консултациите и добиените препораки. Овие активности треба да бидат дополнети и со мерки за јакнење на капацитетите на административните службеници за вклучување на граѓанските организации и јавноста во сите фази на креирање на политиките и подготовка на закони и стратегии, но и за јакнење на свеста на граѓаните за можностите за вклучување во процесите на креирање на политиките на Владата и органите на државната управа.

ПРЕПОРАКИ:

- ✓ Органите на државната управа да продолжат со редовна комуникација и консултации со граѓанските организации во сите фази на процесот на креирање политики и подготовка на предлози на закони, стратегии и други акти, вклучително и како членови во работни групи, а консултациите да бидат транспарентни и инклузивни.

- ✓ Органите на државната управа при анализа на состојбата во процесот на креирање политики да користат документи (анализи, извештаи и сл.) подготвени од граѓанските организации.

- ✓ Органите на државна управа да обезбедат суштински дијалог со граѓанските организации во однос на нивните иницијативи по јавниот повик на Генералниот секретаријат на Владата за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија.

- ✓ Надлежните министерства задолжително да ги објавуваат предлог-законите на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и да овозможат консултации со засегнатите страни најмалку 30 дена од денот на објавувањето. По завршување на консултативниот процес да ја ажурираат содржината на Извештајот за проценка на влијанието на регулативата (да објават Предлог-извештај за ПВР), а делот „Консултации" да содржи преглед на добиените мислења, со образложение на причините поради кои забелешките и предлозите не се прифатени.

- ✓ Заради обезбедување на навремено вклучување на граѓанските организации, органите на државна управа задолжително на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) и на својата веб-страница да објавуваат известување со временска рамка за подготовка на стратегија и да овозможат увид и доставување на коментари на текстот на нацрт-стратегијата.